# МОИТЕ УЧИТЕЛИ И МОИТЕ СОУЧЕНИЦИ

Во Лешок имаше доволно деца некои игри да се играат во секое маало, едни на Бања, други на Костоо, трети на Тумба во Тенеке маало, а четворти кај Чифлик и чешмата Три Дуљка во Долно маало, но, имаше игри кога игравме поголем број на деца во дворот на Школото, на Костоо, во Млака, и Певчина. Така се створаше убава и весела атмосфера и весел и бучен детски жагор.
И во другите села имало доволен број на фамилии, односно деца од разни возрасти, за да се играат многу разноразни игри и забави.
Животот во селата бил целосен и комплетен во кои се живеел животот од најмалата детска возраст до најстарите баби и дедовци, од кои имаше и 90-100 годишни старци, како баба Менуша, дедо Атанас, баба Јасрејца, дедо Тоде, баба Цвета, баба Евра, баба Миљана, баба Иљојца, дедо Ѓиго, Дедо Андро, дедо Блаже и др.
Највесело и најрадосно и со детски џагор беше во Школото, Костоо, Бучејца и други места, а најбучно беше кога игравме децата топка. А кој ја правеше таа весела игра ако не ние учениците и тоа учениците од прво до осмо одделение, па, би рекол, и поголемите ученици веќе беќарчиња и девојчињата ученици, веќе дејке.



(Рада Симовска, моја прва учителка )
(Rada Simovska, My first teacher )

Затоа, во продолжение од овој текст давам неколку фотографии на разни генерации ученици од Лешок. Од овие деца-ученици, произлегоа многу спортисти, кои го афирмираа Лешок, во тетовско, во Македонија, па, и на ниво на тогашна Социјалистичка Федеративна Република Југославија. Инаку, за моите учители и моите соученици, во припрема ми е посебна книга, која планирам да ја објавам наредната 2010 година ( извор: ред. бр. 36 ).



( ОУ Кирил Пејчинович,Лешок,1953/54, учители Рада Симовска, Тетово и Петар Ристовски,Теарце )
( OU Kiril Pejcinovic,Lesok,1953/54, teachers Rada Simovska, Tetovo and Petar Ristovski from Tearce )



( Осмолетка Кирил Пејчинович, Теарце,седмо одделение, директор, Боге Стефановски )
( Primary school Kiril Peychinovich, Tearce,seventh class, direktor Boge Stefanovski )



( Моите учителит-седат, Исни и Добре, клечат Младен, **Крсто Гоговски +**, стојат Ариф, Ѓоко, Мирко и др. ОУ Кирил Пејчинович, Теарце,1957-58 год. )

( My teachers are sitting (Isni and Dobre) , Mladen, **Krsto Gogovski +** are kneeling, Arif, Goko, Mirko and etc.are standing ,Primary school Kiril Peychinovich, Tearce,1957-58 )

Стојат од лево Ариф Шаркиновиќ, втор, Гоко Ацевски од Теарце трет, Мирко Јовановски, од Лешок четворти; клечат, прв лево Младен од Глоѓи, четворти Крсто Гоговски, од Непроштено, кој погина во војната 2001 и седат лево: Исни од Слатина и десно Добре од Глоѓи и др. учители албанци )



(Учители ( Борис, Исни, Крсто, Мирко,Младен, Добре, Ѓоко, Цвета, Ариф, Љубица и др. во ОУ Кирил Пејчинович, Теарце,1957-58 год. )
(Teachers ( Boris, Isni, Krsto, Mirko, Mladen, Dobre, Goko, Cveta, Arif, Ljubica, etc. on OU Kiril Pejcinovic, Tearce,1957-58 )



( Осмолетка Кирил Пејчинович, Теарце,седмо одделение,класна Милка Стефановска )
(Primary school Kiril Peychinovich, Tearce,seventh class, form master Milka Stefanovska )



(Моите соученици-1965-68 во Гимназијата Кирил Пејчинович, Тетово,мај 1968 год.)
(My class Graduates 1965-68 at the Gymnasium Kiril Peychinovich,Tetovo,May 1968)

После мојата генерација, во Лешок продефилираа многу нови генерации на ученици, а учителката Рада ги учеше децата во Лешок се до 1985 година т.е. се до пензионирањето. Значи, може слободно да кажеме дека учителката Рада Симовска целиот работен век го помина со учениците од Лешок.
Моја учителка беше и Јелица Николовска од родот Ѓолакооj од Лешок, Јелица ги учеше трето и четвотро одделение во Лешок, генарацијата на брат ми Мирко. Јелица потоа се мажи во Тетово за Томислав Ацевски Шикла и потоа работи во ОУ Братство во Тетово се до пензија.
Ѓоко Ковачевски ми рече дека нив ги учеле и учителите Живко и Васвија, кој живеел во школото, а потоа учители биле Перо Ѓорѓевски од Теарце, Виолета (Герасимовска) Поповска од Тетово, која ме учеше во 4 одделение, потоа Нада Наумовска од Тетово и др. помлади учители.
Во Осмолетката Теарце, фискултура ни предаваше наставникот Мирко Јовановски од Лешок од родот Костадинооj од Долно маало и има голема заслуга за развојот на спортот во Лешок,но и во други села од Долни Полог.
Заслуги за спортот и спортските резултати има и Томислав Ацевски Шикла, маж на нашата учителка Јелица Николовска од родот Ѓолакооj од Лешок. Томе Шикла ни беше наставник по фискултура во Гимназија во Тетово и на децата од Лешок кои учеа во Гимназија и Земјоделско училиште многу ни помогна да се развие кај нас Лешаните спортски дух.



(Тетово, 2002, Митко Спироски-трет од десно, Прослава Матура со колегите од класот од Гимназија Кирил Пејчинович, Христе Старенковски, Мирослав Филиповски, Магдалена Наумовска, Мишевски Душко, Атанасовска Александра, Спироски Митко,**Треневски Доне** + и Тофиловски Радојко )
(Tetovo, 2002, Mitko Spiroski,-third (right), Celebration Graduation with my colleagues of the class of Gymnasium Kiril Peychinovich, Hriste Stamenkovski, Miroslav Filipovski, Magdalena Naumovska, Mishevski Dusko, Atanasovska Aleksandra, Spiroski Mitko,**Trenevski Done** + and Tofilovski Radojko )

Веселиот детски жагор во училишниот двор се слуша и денес, но, нажалост бројот на учениците е се помал и помал, поради преселувањето на Лешаните во Тетово, Скопје и во странство.

Прв учен учител од Лешок и Долни Полог бил дедо ми Трпо Онуфриевски. Трпо Онуфриевски бил учител од 1920 година, а учителствувал во повеќе места ( Отуње, Слатина, Раотинце, Блаце, по казна преместен во Лесковец, Србија и др. ).

Меѓу двете светски војни имало повеќе учители во Лешок. Пред и после Првата светска војна училиштето било зграда во кругот на Манстирот во Лешок и истото го организирала Црквата. Во 1928 година се изградила нова училишна зграда и во 1928 година децата учеле во новата зграда и повеќе не било црковно, туку, државно училиште.

Во 1924 година учителка во Лешок била Добрила Милошевска (иќ) од Тетово, а во Лешок останала до септември 1935 година, кога е преместена во Тетово, заедно со вториот учител од Лешок Живко Манојловиќ.



(Мојот дедо Трпо Онуфриевски, првиот учител од Лешок. слика во масло, Тони Шулајковски, сликар,Скопје )
( My grand father Trpo Onufrievski, first teacher from Lesok, painting, Toni Shulajkovski, Skopje )

Во 1938-40 година во Лешок учители биле Жико-црногорец и жена му учителка и Боро-србин и жена му Борислава од родот Петкои од Непроштено.
Ова е генерација на учениците Слободан Трпков Спироски, Борка Душаноа( Аврамовска) Дамјановска, Јоанче Столев Кироски Скуко, Јове Митов Јастревски Чаруга, Цвета од Аљаљооj и др.
Со заминувањето на учителите Жико и Боро, дошол учителот Цветко, па, после учителот Јово.
Во 1948/49 учители во Лешок биле Марица од Тетово и Новак-србин, а предавале на генерацијата на Борис Момировски.



(Лешочки манастир,Март,1924, учителот Трпо Онуфриевски, игумен Саво, учителка Добрила Милошевска и сопругот Љубо-пензионер )
(Lesok Monastery, March 1924, the teacher Trpo Onufrievski, prior Savo, teacher Miloshevska and her husband Ljubo -pensioner )



( Прва моја фотографија, 1950)
( My first photo, 1950)



(Лешок, Голема Богородица 2003, Борче Симовски од Костадинооj,Долно маало, Ратко Кировски од Скукооj, Павле Божиновски-Стамат од Коачооj, Борис Смилевски - Дута од Чочолооj)
(Lesok, the Assumption 2003, Borce Simovski - Kostadinooj, Lower neighbourhood, Ratko Kirovski - Skukooj, Pavle Bozinovski - Koacooj, Boris Smilevski Duta - Cocolooj)



( фото: Митко Спироски, Лешок, мај 2009, Цветот на багремите над Лешочката река )
(photo: Mitko Spiroski, Lesok, May,2009, The flower of the acacia above Lesok's river)



( фото: Митко Спироски, Лешок, јуни 2009, Цветот на костените на Шар Планина-Скардус )
( photo: Mitko Spiroski, Lesok, June,2009, Maroon -Shar Planina-Skardus )



( Фото:Митко Спироски, Лешок, мај 2005 год, Млака- настрешницата и новата куќа)
( Foto:Mitko Spiroski, Lesok, May 2005, Mlaka- new house)



( Врвот Плоча, 1970, Драгољуб од Попарооj, Илчо од Цинцарооj, Драгољуб од Пашини, Александар од Момирооj и Митко од родот Спироски-Онуфриевски-Лалошооj-Главинои-Византијци од Лешок)
( The hill Ploca, 1970, Dragoljub-Poparooj, Ilco -Cincarooj, Dragoljub- Pashini, Aleksandar-Momirooj and Mitko from genus Spiroski-Onufrievski-Lalosooj- Glavinoi-Vizantijci from Lesok)







( Лешок, 2004 г. , Атанасовден,Митко Спироски-Кумита и учениците од Основно одделение,Ане Мирчевски-Гуља, Боре Велјановски-Аљаља,Александар Момировски-Бабино,Трајче Стојановски-Андон и Рада(Спироска) Тодоровска-братучедата)
( Lesok, 2004, Atanasovden, Mitko Spiroski-Kumita and the pupils of the Primary class,Ane Mircevski-Gulja, Bore Veljanovski-Aljalja, Aleksandar Momirovski-Babino, Trajce Stojanovski-Andon and Rada (Spiroska ) Todorovska)



(фото: Митко Спироски, црква Св. Атанасие, 24 Декември 2005 год.)
(photo: Mitko Spiroski, church St. Atanasie, 24 December, 2005)



( Празнување на Атанасовден во Лешок, 30 јануари 2003 год)
( Celebration- Atanasovday in Lesok, 30 January,2003)



( фото: Митко Спироски, Празнување на Атанасовден во Лешок, 30 јануари 2003 год)
(photo: Mitko Spiroski, Celebration- Atanasovden in Lesok, 30 January,2003)



( Митко Спироски, Лешок, Млака, собира рој пчели ( трмке) во плетана стара кошара )
( Mitko Spiroski, Lesok, Mlaka, collecting bees in old box )



( Огнен Спироски, со својата соба пред првиот компјутер )
( Ognen Spiroski, in his room in front of the first computer)



(фото: Митко Спироски,Мојата ќерка Искра Спироска во носијата од баба и Јорда Спироска, седи на чергите кои ги ткаела мајка ми Јорда, како девојка во Јанчиште)
(photo: Mitko Spiroski,My daughter Iskra Spiroska in costume of grandmother Jorda Spiroska, is sitting on the rags which are wove my mother Jorda, as a girl in Jancishte)



( Огнен Спироски, јули 2008, на изворите во Св. Наум на Охридско езеро)
( Ognen Spiroski, July, 2008,the sources in St. Naum – Lake Ohrid)



( Семејството Спироски, во својот дом во Аеродром )
(The family Spiroski, in their flat in Aerodrom )



(Митко Спироски во својата фирма Тим Консалтинг, Скопје и макетата на црквата Св. Атансие од Лешок од оникс и камења од разрушената црква во 2001 год.)
(Mitko Spiroski in his firm Team Consulting , Skopje and the model of the church St Atansie -Lesok by onyx and stones of the ruined church in 2001)



( Јануари 2004, Митко и Славица Спироски во Шарм ел Шеик, Египет)
( January,2004, Mitko and Slavica Spiroski in Sharm El Sheikh, Egypt)



( Семејството Спироски, Славица, Митко, Огнен и Искра во 1984 год.)
( Family Spiroski, Slavica, Mitko, Ognen and Iskra in 1984 )



(Охрид, Биљанини извори,1985 год, Бакнежи на тато од синот Огнен и ќерката Искра)
(Ohrid, Biljana's sources,1985, Kisses for dad of the son Ognen and the daughter Iskra)



(фото: Митко Спироски, црквата Св. Атанасие, Лешок, 24.12.2005 г. во зимска романтика, денот на промоција на книгата ЛЕШОК И СОСЕДНИТЕ СЕЛА,Здружението ЛЕШОК,Скопје-Извор: ред.бр.2)
(photo: Mitko Spiroski, the church St Atanasie, Lesok, 24.12.2005 in winter romance, the day of a promotion of the book LESOK AND NEIGHBOURING VILLAGES, the Association LESOK, Skopje-Source: No. 2 )




(фото: Митко Спироски,Лешок, Кале, мај 2009,расцветан багрем, Славица и Искра Спироски, садат трендафили )
(Photo: Mitko Spiroski, Lesok, Citadel, May 2009, acacia to be in flower, Slavica and Iskra Spiroski are planting roses )




( Фото: Митко Спироски, Јуни 2009, Новата чешма на киселата вода на Бања)
( Photo: Mitko Spiroski, June,2009, The new fountain of the mineral water of Banja-Health resort)



(Лешок, 1989 год.,Поглед од Лешочкото Кале на Лешок, Лешочкиот манастир и Полог )
(Lesok, 1989, View of Lesok's Citadel to Lesok, Lesok Monastery and Polog )



( Фото: Фотостудио ЈАСМИНА,Скопје,Методија Тошевски од село Ранци, Егејска Македонија, денешна Грција, Митко Спироски и Душко Дамјановски, од родот Лалошои Лешок, Св. Атанасие,30.01.2003 г.).
( Photo: Taking of photographs Studio JASMINA,Skopje,Metodija Tosevski from village Ranci, Aegean Macedonia, today Greece, Mitko Spiroski and Dushko Damjanovski of the kin Lalosoi Lesok, St. Atanasie,30.01.2003).



( Живко, Славица и Искра Спироски во Млака, Лешок )
( Zivko, Slavica and Iskra Spiroski in Mlaka, Lesok )



( Лешок, Млака,1998, Јорда, Живко и синот Митко Спироски )
( Lesok, Mlaka,1998, Jorda, Zivko and the son Mitko Spiroski )



( Татко ми Живко Т. Спироски, на Велигден 1939 год со девојки и беќари)
( My father Zivko T. Spiroski, at Easter, 1939, with girls and boys )



(Традицијата за украсување домовите со дабови гранчиња продолжува од античка Македонија до денес)
( Tradition for home decoration with oak brushwood of antique Macedonia to nowadays)



(Лешок, јуни 2009, Ивица Поповски (469), син на Ане Поповски и правнук на Јасре Онуфриевски, дипломиран историчар, технички секретар на Здружението Лешок, во 2003 год. )
(Lesok, June,2009, Ivica Popovski (469), Ane Popovski's son and Jasre Onufrievski's great-grandson, graduate historian, a technical secretary of the Association Lesok, in 2003 )




( Поповски Јовица, син на Јасре Поповски од Лешок, играч на Одбојкарскиот клуб ЛЕШОК )
( Popovski Jovica, Jasre Popovski's son - Lesok, player of Volleyball club LESOK)



(Учениците од Отуње, 1927/28, со учителот Трпо Онуфриевски од Лешок и сопругата Цвета ја држи во скут ќерката Ратка)
(The pupils from Otunje, 1927/28, with the teacher Trpo Onufrievski - Lesok and his wife Cveta, who is holding in hands their daughter Olga)



( Учениците од Лешок 1925 г., лево,седи, учителката Добрила Милошевиќ (ска) и десно, седи- учител )
( The pupils - Lesok 1925,teacher Dobrila Miloshevic (ska) is sitting on the left and a teacher is sitting on the right )



(Училиште во Лешок, 1938/39, лево,учител Жико и жена му Јелица, десно учител Светислав Б. Орловиќ со жена му )
(School in Lesok, 1938/39,on the left teacher Ziko and his wife Jelica, on the right teacher Svetislav B.Orlovic with his wife )



(Учител Трпо Онуфриевски и игумен Сава, седат, учителот Вукашин Пеќанин, и др. учители во Лешок 1924, стојат. Дали една од учителките била Трпана,големата љубов на Гавро ? )
(Teacher Trpo Onufrievski and prior Sava are sitting ,the teacher Vukasin Pecanin, and other teachers in Lesok 1924 are standing. Was one of the teacher Trpana, Gavro's great love? )



( Александар Стојановски и внукот Бобан Митевски од Паунооj и лица од Лешок, во школо,Јануари 2005 г.)
( Aleksandar Stojanovski and grandson Boban Mitevski at Paunooj and many other peoples, Lesok, In school, January 2005.)



(фото: Митко Спироски, Лешок, 2003 г., ОУ Кирил Пејчинович, изградено 1928 год. )
(photo: Mitko Spiroski, Lesok, 2003, primary school Kiril Peychinovich ,built, 1928)



( Фото: Митко Спироски, Бетонските чешми со корита за перење алишта и черги на Костоо во Лешок во 2004 г.)
( Photo: Mitko Spiroski, Concrete fountains with washtubs clothe and rags-Kostoo, Lesok in 2004)



( Мите Спироски,најгоре прв од лево,Второ и четворто одделение, ОУ Кирил Пејчинович, Лешок, 1957/58, учителки Јелица Ковачевска, Лешок и Рада Симовска, Тетово )
( Mite Spiroski,on the top, first on the left, in second and fourth class,Primary school Kiril Peychinovich, Lesok, 1957/58, teachers Jelica Kovacevska, Lesok and Rada Simovska, Tetovo )



( Лешок, 1965/66, ОУ Кирил Пејчинович учителката Рада Симовска од Тетово)
( Lesok, 1965/66, OU Kiril Pejcinovic, teacher Rada Simovska, Tetovo)



( Лешок, 1990 ?, ОУ Кирил Пејчинович учителката Нада Наумовска од Тетово)
( Lesok, 1965/66, OU Kiril Pejcinovic, teacher, Nada Naumovska, Tetovo)



( Лешок, 1990 ?, ОУ Кирил Пејчинович учителката Јасминка Богдановска од Непроштено)
( Lesok, 1965/66, OU Kiril Pejcinovic, teacher, Jasminka Bogdanovska, Neproshteno)



( Лешок, 1990 ?, ОУ Кирил Пејчинович учителката Наташа Антовска, од Тетово)
( Lesok, 1965/66, OU Kiril Pejcinovic, teacher, Natasha Antovska , Tetovo)



(Лето во Лешок)
(Lesok, Summer )